**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

Сектор за професионално работење – превенција и интегритет

-Одделение за превенција и интегритет-

Сд.број 14.2.2 - 328/1

15.02.2018 год.

Скопје

**ПРОГРАМА**

**ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ**

**СЛУЖБЕНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**Февруари 2018 година**

**Содржина:**

- Дефинирање на поимот интегритет;
- Градење на полицискиот интегритет;
- Главни вредности кои го сочинуваат полицискиот интегритет;
- Легислативно правни и административни капацитети кои го штитат интегритетот;
- Презентација на случаи од пракса поврзани со нарушен интегритет, користење на слајдови и видео материјал, анализа и дискусија по истите;
- Соработка со невладиниот граѓански сектор во спроведување на предметната програма;
- Акциски план за спроведување на предметната програма;

## I.Дефинирање на поимот Интегритет

- Зборот интегритет доаѓа од латинскиот збор (integritas) што во превод значи целост, недделивост, беспрекорност,чесност. Во речникот на Оксфорд за зборот интегритет стои многу кратко објаснување "да се биде чесен и да се има силни морални принципи". Оттука можеме да заклучиме дека интегритет е мерило за чесност, компетентност, професионалност и доверба. Согласно погоренаведеното поимот интегритет разгледуван на ниво на МВР во најголема мера претставува отпорност кон корупција и збир од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во Министерството кои ја зајакнуваат отпорноста кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно постапување на вработените.

На лично ниво интегритетот претставува поседување на знаења и вештини, етички капацитет, решителност и професионалност, да се почитуваат воспоставените правила и процедури и секогаш да се работи во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на граѓаните. Оттука интегритетот може да се дефинира како отсуство на полициска злоупотреба, почитување на етичкиот кодекс на однесување, пропишаните правила, стандардните процедури односно постапување на полициските службеници во согласност со важечките законски прописи. Високиот полициски интегритет е основа за создавање меѓусебно почитување и доверба помеѓу граѓаните и полицијата и има голема улога во ефективната борба против криминалот и корупцијата.

- Погореспоменатата дефиниција за поимот полициски интегритет во Министерството за внатрешни работи во најголема мера претставува отпорност на полицијата кон корупцијата. Да се потсетиме на универзално прифатената дефиниција за корупција од страна на експертската група на Интерпол за борба против корупцијата (ЕГИК) која гласи:" Корупција е било какво дејствување или неуспех за дејствување на поединци или организации, јавни или приватни, со кое се прекршува законот или довербата со цел остварување профит или добивка".Оваа широка дефиниција за корупцијата се однесува на поединци и групи полициски службеници, како и на полициски единици но се разбира се однесува и на кои било други државни службеници или државни организации.

- **Што претставува полициската корупција:**

а) Барањето или прифаќањето, без оглед на тоа дали е директно или индиректно од страна на полицаец или било кој друг вработен во МВР а кое се однесува на колкав било паричен износ, предмет од вредност,подарок, услуга, ветување, награда или било каква предност, лично за себа или за било кое друго лице, група или ентитет, за возврат за какво било дејствување (полициско дејствие) или недејствување до кое веќе дошло односно не дошло односно нема да дојде во иднина, кое се однесува или е поврзано со вршењето на каква било функција во полицијата.

б) Нудењето или давањето, без оглед на тоа дали е директно или индиректно на полицаец или било кој вработен во МВР а кое се однесува на било колкав паричен износ, предмет од вредност, подарок, услуга, ветување, награда или предност, лично за него или за друго лице, група или ентитет, за возврат за какво било дејствување или недејствување до кое дошло односно не дошло и нема да дојде во иднина а кое е поврзано со вршењето на каква било функција во полицијата или во врска со полициското работење.

в) Неовластено ширење доверливи информации или полициски информации со ограничен пристап за награда или со која било друга цел.

- Најчестиот облик на полициска корупција, барем според јавното мислење е примањето поткуп. Сепак, многу други видови полициско однесување можат да ја поткопаат довербата и севкупната слика за полицијата, па оттаму истите трба да се препознаат и да се спречат.

г) Зошто е важно да се справиме со полициската корупција и несоодветното однесување на полицијата:

1. Полициската корупција служи како лош пример за целото општество.

2. Најзначајната причина за важноста на полициската корупција е тоа што истата резултира со недоверба на јавноста во полицијата, отежнување на вршењето на основната задача на полицијата а тоа е борбата со криминалот.

3. Меѓународната репутација на државата може да биде нарушена доколку другите држави и меѓународни организации сметаат дека полициската корупција во

државата е присутна, сериозна и системска.

4. Доколку сакаме јавноста да ги почитува законите таа мора да верува дека во основа и самата полиција го почитува законот и дека при спроведување на истиот кон сите се однесува еднакво.

5. Полициската корупција и несоодветното однесување на полицијата може да предизвикаат дестабилизација на државата. Корумпираните полициски службеници и нивната вмешаност во корупутивни афери и незаконски дејствија се фактори за нарушување на угледот и стабилноста на државата.

6. Сериозна последица од полициската корупција е намалување на етичките стандарди во општеството и општо опаѓање на моралот во државата.

**II Главни вредности кои го сочинуваат полицискиот инегритет:**

-Самосвесност
-Лојалност
-Одговорност
-Непристрасност
-Транспарентност
-Достапност
- Отвореност
- Човечко достоинство

**III Градењето на полицискиот интегритет**

- Полицискиот интегритет се гради постојано и континуирано, вредностите и принципите во работењето на припадниците на полицијата треба да претставуваат начин на работа.
- Потребно е полициските службеници да се запознаат со принципите и вредностите на кои се темели работењето на полицијата со цел да се подготват за современо полициско работење, кое не подразбира само пружање заштита на народот туку и контролирање на однесувањето.
- Професионалност, одговорност и почитување и примена на важечките законски прописи се основата на полицискиот интегритет.

## IV Легислативно правни и административни капацитети

Интегритетот се штити пред се со Уставот, Законите и Ратификуваните меѓународни договори. Прашањето за интегритет како индивидуален квалитет, односно начин и принцип на постапување на припадниците на МВР наоѓа своја непосредна и посредна нормативно правна разработка во следните законски акти:

1. **"Закон за внатрешни работи"**

2. **"Закон за полиција"**

Како и бројни подзаконски акти и интерни прописи донесени во МВР а кои произлегуваат од овие закони и тоа:

- Кодекс на полициска етика
- Правилник за начинот на однесување и меѓусебните односи на работниците со посебни должности и овластвања во МВР
- Упатство за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници
- Правилник за обука во МВР
- Правилник за начинот и постапката на оценување на овластеното службено лице, содржината на извештајот за извршено оценување, образецот за оценување и начинот за водење на евиденција
- Наставна програма за обука
- Правилник за вршење на работите на Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди
- Правилник за начинот и постапката за селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во МВР
- Правилник за начинот на вршење селекција и избор на кандидат за полицаец и начинот на работа на комисијата за избор на кандидат за полицаец
- Правилник за обука во МВР

Презентација на случаи од пракса поврзани со нарушен интегритет, користење на слајдови и видео материјали, анализа и дискусија по истите :

-Во овој дел од програмата на учесниците ќе им бидат презентирани реални случаи од работењето на Одделот во кои било констатирано незаконско или непрофесионално постапување на полициски службеници при што ќе бидат користени слајдови и видео материјал, по што ќе следува анализа и дискусија на презентираните случаи.

**VI.Соработка со невладиниот граѓански сектор за спроведување на предметната програма:**

- Заради успешно реализација на предметната програма предлагаме во обуката со свои видувања и ставови во однос на полицискиот интегритет да бидат поканети и вклучени и претставници од невладиниот граѓански сектор.

**VII.Акциски план за континуирано спроведување на предметната програма во тековната 2018година:**

- По верификација и донесувањето на програмата, Одделението за превенција и интегритет при ОВККИПС ќе изготви Акциски план со сите потребни елементи за реализација на истата.

Предлага:
ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
м-р Дејан Андонов

Одобрил:
МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Оливер Спасовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СКОПЈЕ